**2021017223**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 34 од Законот за гранична контрола („Службен весник на Република Македонија“ бр.171/10, 41/14, 148/15, 55/16 и 64/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 19 јануари 2021 година, донесе

# УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА КАТЕГОРИЗАЦИЈА, ОБЕМ НА КОРИСТЕЊЕ И РАБОТНО ВРЕМЕ НА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ

Член 1

Во Уредбата за категоризација, обем на користење и работно време на граничните премини („Службен весник на Република Македонија“ бр.161/13 и 38/18), во член 2 став (3) во алинејата 3 по зборовите „Белановце-Станчич“ се става запирка и се додаваат зборовите „Маркова Нога-Лемос“.

Член 2

Низ целиот текст на Уредбата зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“.

Член 3

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-471/1
19 јануари 2021 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.